# МАДРИД 14.03

## КРАЛСКИОТ МАДРИД

Авион / 4 дена/ 3 ноќевања

Мадрид, централниот и главен град на Шпанија, град на елегантни булевари, големи и уредени паркови каков што е Ретиро... исто така е град и на страста, уметноста и музиката. Градот поседува богати збирки на европска уметност, вклучувајќи ги и делата во Музејот Прадо од Гоја, Веласкез ... Срцето на стариот Хабсбуршкиот Мадрид е Плаза Мајор, Кралска палата и оружарницата... И секако за крајот на денот за не ја заборавиме страсната шпанска музика и огнениот фламенко танц...

### 14.03 Сабота СКОПЈЕ - МАДРИД

Состанок на групата на аеродрмот во Скопје 14.00 часот. Полетување за Мадрид во 16.05 часот и пристигнување во 20.00 часот. Трансфер и сместување во хотел. Ноќевање.

### 15.03 Недела МАДРИД

Појадок. Пешачки разглед на градот со локален водич: познатата авенија Гран виа, плоштадот Пуерта дел сол, фонтаните Нептуно и Сибелес, музејот Реина Софиа, преку познатиот парк Ретиро до еден од најголемите музеи во светот, музејот Прадо, посета на симболот на Мадрид, Кралската палата од 18 век, една од најдобро зачуваните во Европа, каде се одржуваат најзначајните кралски церемонии, гала вечери и приеми... Пауза за ручек, препорачуваме да ги пробате популарните тапаси или одберете некој од одличните ресторани во градот, познат по своето гастрономско богатство. Слободно време за индивидуални прошетки. Во вечерните часови, факултативно, можност за уживање во заводливиот ритам на шпанската

музика и танци Фламенко, надополнети со популарниот пијалок сангрија.Ноќевање.

**16.03 Понеделник МАДРИД – ТОЛЕДО**

Појадок. Факултативна екскурзија: Толедо, патување до срцето на Кастиља и старата престолнина на Шпанија, градот-музеј под заштита на УНЕСКО. Посета на видиковецот на брегот на реката Тахо од каде имате прекрасна глетка кон градот. Градот е ризница на историски знаменитости од готика до барок. Посета на црквата Св. Томас позната по своите ремек дела на големиот уметник Ел Греко. Враќање во Мадрид. Слободно попладне, вечер. Ноќевање.

**17.03 Вторник МАДРИД– Скопје**

Појадок. Препорачуваме денот да го посветите на кралскиот Мадрид, на уметноста, можност да се посети музејот Реина Софиа, познат по делата на сликарските великани: Пикасо, Миро и Дали, каде се наоѓа и славната Пикасова "Герника" како и музејот Прадо кој располага со една од најбогатите светски збирки на уметнички дела на прочуените шпански уметници: Ел Греко, Веласкез, Гоја, Рибера, Мурило... За љубителите на фудбалот препорачуваме да се посети и стадионот „Сантиаго Бернабеу", на кој настапува славниот фудбалски клуб „Реал Мадрид".

Во вечерните часови трансфер до аеродром. Полетување за Скопје во 20.45 и пристигнување во 00:15 часот.

**Рана уплата до 31.01 : 529 евра (32.800 денари)**

**Цена на аранжманот : 589 евра ( 36.520 денари)**

**Цената вклучува:**

Авионски превоз на релацијата Скопје – Мадрид - Скопје
Рачен багаж - 1 торба со димензии 40x30x20cm со максимална тежина до 10кг

Организиран трансфер Ародром – Хотел - Аеродром
Сместување во Хотел **Hotel Porcel Torre Garden 3*** на база 3 ноќевања со појадок
Разглед на Мадрид со локален водич и влезница за Кралската палата
Организација на аранжманот и придружник на патувањето

**Цената не вклучува:**

Доплата за чекиран багаж – една инфо за цена 5 дена пред патување.
Карти за локален превоз (метро)
Патничко-здравствено осигурување
Туристичка такса 1250 денари
Доплата за еднокреветна соба 10.540 денари

**Факултативни посети:**

Факултативна целодневна посета на Толедо со вклучен автобуски превоз, локален водич и влезници св.Томас 95 евра
Факултативна посета на Фламенко 60 евра
Влезници во локалитетити: инфо во агенција за влез во музеј Прадо, музеј Реина Софиа, стадионот Сантиаго Бернабе

**Напомена:**

Цените се по лице за сместување во двокреветни соби и трокреветни соби.
Дете до 2 години плаќа 4900 денари. Дете од 2 до 12 години плаќа 499 евра.

**Напомени:**

За реализација на аранжманот потребен е минимум од 20 патници.
За резервација задолжителна уплата на аванс од 30% од вкупниот износ на аранжманот.
Целосна доплата на аражманот е 10 дена пред поаѓање. Усни и телефонски резервации се невалидни.
Плаќањето е исклучиво во денарска против вредност по курс 1 евро = 62,00 денари.
За реализација на факултативните излети потребен е минимум од 15 патници.
При резервација задолжително е изјаснување/пријавување кои од понудените факултативи ќе ги користи патникот како би можела агенцијата навремено да ги организира истите.

Агенцијата го задржува правото на промена на редоследот на програмата во случај на непредвидени објективни причини, како на пример застој на граница, доцнење на летот, застој во сообраќајот, затвореност на некој од локалитети предвидени за посета ...
Организаторот на патувањето го задржува правото по пат на ultra first или last minute понуда да ги објави и продаде слободните места по цени кои се разликуваат од оние кои се веќе објавени. Лицата кои го уплатиле аранжманот по редовен ценовник, немаат право на надомест на средства за разлика во цена.
Агенцијата го задржува правото на отказ на аранжманот 7 дена пред поаѓање доколку не е исполнет бројот на пријавени лица предвидени по програмата за ова патување.
Патникот има обврска пред поаѓање 24 часа да ја контактира агенцијата за потврда на точното време и место на поаѓање.
Патната исправа треба да е валидна минимум 3 месеци по завршувањето на аранжманот. Валидноста на патните исправи се обврска на патниците, при уплата на резервација должни се истите да ги приложат во агенцијата за проверка.